УДК001-051Кондаков,Н.П.(049.3)
УДК 910.4(497.7)"1900"(084.12)(049.3)
https://doi.org/10.55302/MF2486173rp
Приказ

# КОН ИЗЛОЖБАТА „КОНДАКОВ ВО МАКЕДОНИЈА (1900 год.)“

Јасминка Ристовска Пиличкова, Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје
Емилија Апостолова Чаловска, Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје
Датум на прием: 23.9.2024

Изложбата „Кондаков во Македонија (1900 година)“ претставува дел од проектот *„Археолошко патешествие: дигитализација, презентација и промоција на збирката фотографии од научната експедиција на Н. П. Кондаков во Македонија, од 1898 до 1900 година“*, реализиран од страна на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје, со поддршка на Министерството за култура на РС Македонија, во рамките на Годишниот конкурс за финансирање проекти од национален интерес по одделни области и активности во културата за 2023 година, во областа на музејската дејност.[1] Авторки на изложбата се доц. д-р Емилија Апостолова Чаловска и проф. д-р Јасминка Ристовска Пиличкова од Одделот за традиционални уметности и архитектура при Институтот за фолклор „Марко Цепенков“.

Посочената изложба беше поставена во КЦ „Магаза“ во Битола, изложбен простор на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Битола, во периодот од 4.10.2023 до 6.10.2023 год. и беше пресретната со одличен прием кај стручната јавност и публика.

Материјалите поставени на оваа изложба за прв пат јавно се презентираат пред пошироката јавност и имаат исклучително значаен културолошки, историски, етнолошко-антрополошки, архитектонски и археолошки научно-едукативен карактер. Станува збор за селекција фотографии од фотографската збирка (која брои вкупно 750 фотографии) од руската научноистражувачка експедиција, реализирана во летото во 1900 год., а која од 2008 год. се чува во Архивот на ЈНУ

[1] Автор (носител) на проектот е доц. д-р Емилија Апостолова Чаловска, а учесници/соработници во проектот се: од ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – проф. д-р Јасминка Ристовска Пиличкова, истражувач; Блага Ангелкова и Цане Серафимовски, архивисти; додека како надворешни соработници се јавуваат: проф. д-р Лидија Тантуровска, лектор; Славица Георгиева, архитект; и Макас Инженеринг – Скопје, задолжени за графичката подготовка, обработка, печатење и дизајн на поставката.

Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје. Оваа научноистражувачка експедиција, реализирана под покровителство на самиот руски император, а предводена од академик Н. П. Кондаков, се случува во еден значаен и деликатен историски период за Македонија и за целокупниот поширок регион. Самата експедиција имала исклучително значаен импакт во детектирањето на „македонското прашање“, како и свој придонес во славистичката лингвистика, култура, фолклор, но и во европската и во балканската историја.

Квантитетот на обработената фотодокументација, како и вредноста на самите фотографии, кои претставуваат ретко и драгоцено историско сведоштво, ја наметнаа неопходноста за популаризација на оваа збирка пред македонската јавност. Со посочената изложба се даде пресек на архивските материјали од оваа експедиција, како неми сведоци на времето во кои се настанати, како и на различните стратешки и геополитички побуди, ставови и согледувања, кои ја следеле и кои резултирале во неа да бидат опфатени токму оние градови и места кои се во фокусот на оваа изложба, со надеж дека таа ќе даде поттик за понатамошни истражувања и согледувања поврзани со оваа тема. Во таа насока, од особено значење е и публикацијата на каталогот од изложбата (Апостолова Чаловска, Е. и Ј. Ристовска Пиличкова, 2023, *Кондаков во Македонија (1900)*, Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков“, со резиме на англиски јазик).

Врз основа на димензиите и на просторната конфигурација на изложбениот простор (КЦ „Магаза“ при НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Битола), изложбената поставка беше поделена на два дела.

Во приземниот дел на објектот беше поставен наративен дел, прикажан на 7 двојазични изложбени паноа (на македонски и на англиски јазик), со димензии 70 см / 100 см, испечатени во боја и каширани на форекс. Тематски, тие се однесуваат на историскиот контекст и на состојбата на Отоманската Империја кон крајот на 19 век; се дава кус преглед за странските истражувачи, кои пропатувале низ Македонија во периодот на залезот на Отоманската Империја; биографија за животот и дејноста, како и кус преглед на најзначајната библиографија на академик Н. П. Кондаков (1844 – 1925); и преглед на самата научноистражувачка експедиција (1900 год.), со осврт на останатите учесници во неа: П. Н. Муљуков (историчар), П. Ј. Лавров (лингвист – славист), П. П. Покришкин (архитект – историчар на архитектурата) и Д. К. Крајнев (фотограф). Во прилог на подобро запознавање на јавноста со научната експедиција на Н. П. Кондаков е изработена и подробна мапа на движењето на членовите на оваа експедиција, а се приложени и низа други архивски документи и фотографии, кои директно или индиректно се однесуваат на

сознанијата и на влијанието што произлегле од оваа експедиција, особено во пошироките научни кругови на почетокот на 20 век.

На катот од објектот беше поставен вториот дел од изложбената поставка, сочинет од селекција фотографии од фотографската збирка на Руската академија на науките. Во оваа пригода беше направена селекција на репрезентативни фотографии (вкупно 72), кои беа, понатаму, графички обработени и подготвени за презентација. Од нив, 32 беа испечатени и врамени во дрвени рамки (со димензии 40 см / 50 см) со заднина, паспарту и застаклување.[2] Овие фотографии беа

[2] Врамени беа следните фотографии: Q262/21 (55724/24) – Град Солун. Улица во горниот град; Q263/37 (55724/101) – Град Солун. Поглед на горниот дел од црквата *Св. Сӣас,* на скалите жена во бело; Q264/12 (55724/148) – Село Постол (Пела). Група локални жители на селото Постол; Q264/47 (55724/183) – Град Сер. Маж од градот Сер, во заднина група локални жители; Q264/48 (55724/184) – Град Сер. Група локални жители на градот Сер, од десната страна млад човек со долга коса; Q264/52 (55724/187) – Град Сер. Жена од Сер со клопче конец во левата рака; Q265/14 (55724/218) – Село Љуботен, блиску до Скопје. Црквата *Св. Никола Чудоӣворец* од североисток, пред црквата неколку локални жители; Q265/24 (55724/228) – Марков Манастир, недалеку од Скопје. Црквата во Марковиот Манастир, поглед од североисток, пред црквата две запрежни коли; Q265/39 (55724/243) – Село Кучевиште, североисточно од градот Скопје. Две локални жени во национални костуми; Q265/40 (55724/244) – Село Кучевиште, североисточно од градот Скопје. Локални жители (мажи) во празнични костуми, двајца во средината – со стапови; Q265/41 (55724/245) – Село Кучевиште, североисточно од градот Скопје. Група локални жители во празнични костуми, во заднината багреми; Q265/42 (55724/246) – Село Кучевиште, североисточно од градот Скопје. Жители на селото во национални костуми: две жени и маж; Q265/44 (55724/248) – Село Кучевиште, североисточно од градот Скопје. Жители на селото во национални костуми: тројца мажи и пет жени; Q265/45 (55724/249) – Село Матка, блиску до градот Скопје. Манастир Матка: црквата во манастирот – поглед од запад, пред црквата – група монаси и локални жители; Q265/49 (55724/253) – Село Матка, блиску до градот Скопје. Манастир Матка: црквата во манастирот – икони на иконостасот; Q265/51 (55724/255) – Село Младо Нагоричане, источно од Куманово. Жители на селото Нагоричане на жетва; Q266/09 (55724/282) – Манастир Матејче, во близина на Куманово. Црквата на манастирот Матејче: поглед од запад – влез; Q266/11 (55724/284) – Манастир Матејче, во близина на Куманово. Црквата на манастирот Матејче: внатрешен поглед – поглед оддолу на тамбурот на централната купола; Q266/36 (55724/309) – Град Штип. Црква *Св. Чеӣириесеӣ маченици*, поглед од северозапад; Q267/27 (55724/363) – Град Битола (Манастир). Група локални жители, во преден план жени со бели шамии; Q267/55 (55724/391) – Град Охрид. Група деца на улица; Q267/56 (55724/392) – Град Охрид. Група деца на една од горните улици; Q268/01 (55724/398) – Град Охрид. Цитадела (Кале), во Охрид, поглед оддалеку; Q268/14 (55724/411) – Град Охрид. Црква *Св. Никола*; двери на главниот влез; Q268/59 (55724/457) – Град Охрид. Црква

презентирани на класичен начин, поставени на периметралните ѕидови од просторијата. Останатите 40 фотографии беа аранжирани колажно и испечатени на 3 двострани висечки паноа, со димензии 100 см / 200 см, географски и тематски диференцирани. Со висечките паноа се воведе одредена динамика во, инаку, линеарната траекторија на движење на посетителите, диктирана од самиот изложбен простор, организиран во една издолжена просторија. Едновремено, се постигна и визуелна фрагментација на изложбениот простор, овозможувајќи различни погледи и создавајќи фокусни точки на кои беа поставени стратешки одредени фотографии од селекцијата.

На свеченото отворање на изложбата, свој поздравен говор одржаа раководителот на проектот, доц. д-р Емилија Апостолова Чаловска, директорот на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков" – Скопје, проф. д-р Ермис Лафазановски, и директорката на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Битола, д-р Мери Стојанова. На отворањето на изложбата присуствуваше делегација од Управата за заштита на културното наследство, предводена од директорот, м-р Зоран Павлов, а, покрај македонската публика, присуствуваа и претставници на дел од дипломатскиот кор во земјава: аташето за култура на Руската Федерација при амбасадата во Скопје и конзулот на Р Бугарија во Битола.

---

*Св. Климент:* плаштаницата на Андроник Палеолог, во ризницата; Q268/69 (55724/467) – Град Охрид. Група учители и учителки пред училишната зграда; Q269/07 (55724/475) – Село Слепче, во близина на градот Битола. Манастир Слепче – игуменот и свештеници во дворот; Q269/08 (55724/476) – Село Слепче, во близина на градот Битола. Локални жители; Q269/09 (55724/477) – Село Слепче, во близина на градот Битола. Запрежна кола и плетени колиби во дворот на куќа; Q269/10 (55724/478) – Село Слепче, во близина на градот Битола. Плетени колиби и плуг за пченка; Q269/13 (55724/481) – Село Слепче, во близина на градот Битола. Група жени и деца; и Q269/16 (55724/484) – Село 'Ржаново. Локални жители под дрво.

**TOWARDS THE EXHIBITION “KONDAKOV IN MACEDONIA (1900)”**

Jasminka Ristovska Piličkova, “Marko Cepenkov” Institute of Folklore in Skopje
Emilija Apostolova Čalovska, “Marko Cepenkov” Institute of Folklore in Skopje

Summary

The exhibition “Kondakov in Macedonia (1900)” is part of the project “Archaeological journey: digitization, presentation and promotion of the collection of photographs from the scientific expedition of N. P. Kondakov in Macedonia, from 1898 to 1900”, realized by the Institute of Folklore “Marko Cepenkov” – Skopje, with the support of the Ministry of Culture of RN Macedonia. The authors of the exhibition are assoc. prof. Emilija Apostolova Čalovska, PhD and prof. Jasminka Ristovska Piličkova, PhD from the Department of Traditional Arts and Architecture at the Institute of Folklore “Marko Cepenkov”. The venue of the exhibition was the CC “Magaza” in Bitola, an exhibition space of the Institute for the Protection of Monuments of Culture and Museum – Bitola, in the period of 4$^{th}$ to 6$^{th}$ October, 2023 and was well received by the professional public and audience.

The materials presented at this exhibition, displayed publicly for the first time, represent a selection of photos from the photographic collection (a total of 750 photos) from the scientific research expedition of the Russian Academy of sciences, realized in the summer of 1900. This collection, since 2008, has been kept in the Archives of the Institute of Folklore. The quantity of the processed photo documentation, as well as the value of the photographs themselves, which represent a rare and valuable historical testimony, imposed the necessity for the popularization of this collection before the Macedonian public.

Based on the dimensions and spatial configuration of the exhibition space (the CC “Magaza”), the exhibition setting was divided into two parts. A narrative section was placed in the ground floor of the building, displayed on 7 bilingual exhibition panels (in Macedonian and English), with dimensions of 70/100 cm, printed in color and laminated on forex. The second part of the exhibition was placed on the first floor of the building, consisting of a selection of photographs from the photographic collection of the Russian Academy of Sciences. On this occasion, a selection of 72 representative photos was made, of which 32 were framed in wooden frames (40/50 cm) and displayed classically on the walls, while the remaining 40 were arranged onto 3 double-sided hanging panels, also serving to visually and spatially shape and segregate the otherwise elongated, uniform space of the Magaza’s first floor.

It is of great importance that the selected photographs, numerous archival material, photographs and illustrations, as well as a map of the expedition’s itinerary were included in the published catalogue of the exhibition (Апостолова Чаловска, Е. и Ј. Ристовска Пиличкова, 2023, *Кондаков во Македонија (1900)*, Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков“, with a summary in English).

At the official opening of the exhibition, the head of the project, assoc. prof. Emilia Apostolova Chalovska, PhD, the director of the Institute of Folklore "Marko Cepenkov" - Skopje, prof. Ermis Lafazanovski, PhD and the director of the Institute for the Protection of Monuments of Culture and Museum – Bitola, Meri Stojanova, PhD delivered appropriate speeches, greeting the audience and emphasizing the importance of the exhibited collection.

## Илустрации




Сл. 1: Покана за изложбата „Кондаков во Македонија (1900 год.)"




Сл. 2: Информативен постер за изложбата „Кондаков во Македонија (1900 год.)" поставен пред објектот на КЦ Магаза – Битола




Сл. 3: Банери за изложбата „Кондаков во Македонија (1900 год.)“ го врамуваат влезот во објектот на КЦ Магаза – Битола




Сл. 4: Поглед кон првиот дел на изложената поставка на изложбата „Кондаков во Македонија (1900 год.)“, поставен во приземјето на објектот на КЦ Магаза – Битола




Сл. 5: Поглед кон вториот дел на изложената поставка на изложбата „Кондаков во Македонија (1900 год.)“, поставен на катот на објектот на КЦ Магаза – Битола




Сл. 6: Поглед кон вториот дел на изложената поставка на изложбата „Кондаков во Македонија (1900 год.)“, поставен на спратот на објектот на КЦ Магаза – Битола